# ЗАПИСНИК

Записник од одржаната Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животна средина за спроведување на проектот "Автопат Штип - Струмица ", Одржана на 26.03.2012 (понеделник) во мала сала до Совет на општина Штип со почеток во 11.00 часот

На ден 26.03.2012 година, во мала сала до Совет на општина Штип , се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот "Автопат Штип - Струмица". Јавната расправа која ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот Агенција за државни патишта , започна во 11:00часот.

Присутни:

- Зоран Бошев, Раководител на одделение за оцена на влијание врз животна средина од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)
- Билјана Спироска, советник во Одделение за оцена на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)
- Сашка Богданова, претставник на страна на инвеститорот Агенција за државни патишта
- Ленче Јанева, експерт за оцена на влијание врз животната средина и одговорна за Студијата за ОВЖС
- Представници од страна на Општина Штип
- Засегната граѓани (Листа на присутни дадени во Прилог)

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред**:

1. Отварање - Јавната расправа ја отвори Зоран Бошев, раководител на одделение за оцена на влијание врз животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници од страна на министерството, инвеститорот и изготвувачот на Студијата и даде збор на Ленче Јанева да изврши презентација на Студијата.

2.Презентација на студијата за оцена на влијанието врз животната средина

Цел на проектот е изградба на автопат со вкупна должина од 64,3 км.

Автопатот е обработен во две основни делници: Делница 1; Штип - Радовиш и Делница 2; Радовиш (всушност од Воиславци км35 од првата делница) до Струмица.